Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 94, 7 декември 2012 година

декември 2012 година
Штип

## СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во звање доцент за наставно-научна област економски развој на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите наставно-научни звања за наставно-научното поле/област преработка на анимални производи на Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 19

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник асистент за научната област фитопатологија на Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 22

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите наставно-научни звања за наставно-научната област романистика на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 30

**РЕФЕРАТ** за збор на наставник од наставно-научната област метода на анализа на структура и функционирање на претпријатието и организација на административни процеси" на Машинскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 35

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент / асистент (специјалист) за наставно-научната област ортопедија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 39

**РЕЦЕНЗИЈА** на докторската дисертација со наслов „Реконструирање на рудниците за олово и цинк во Косово" од кандидатот м-р Ферат Шаља, Факултет за природни и технички науки, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 43

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Трудово право" (скрипта) од авторите доцент д-р Андон Мајхошев и доцент д-р Војо Беловски, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 47

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Сензорна и аналитичка евалуација на вино" од авторот доц. д-р Виолета Иванова-Петропулос, Земјоделски факултет, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 51

**РЕЦЕНЗИЈА** за трудот „Одбрани теми од педагогија" на проф. д-р Емилија Петрова-Ѓоргева, Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 55

**РЕЦЕНЗИЈА** за трудот „Одбрани теми од педагогија" на проф. д-р Емилија Петрова-Ѓоргева, Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 57

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Производство, преработка и обработка на месо" од проф. д-р Ацо Кузелов, Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 59

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 62

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

## Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО ЗВАЊЕ ДОЦЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНА ОБЛАСТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП

Со Одлука бр. 1702-327/3 од 18.10.2012 година донесена на 38. седница на Наставно-научен совет на Економскиот факултет, одржана на 17.10.2012 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научна област економски развој на Економски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, во состав:

– проф. д-р Михаил Петковски, редовен професор, Економски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје, претседател;
– проф. д-р Ристе Темјановски, вонреден професор на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев", член;
– проф. д-р Ристо Фотов, вонреден професор на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев", член.

Според Конкурсот објавен во дневните весници „Дневник" и „Лајм" и на официјалната веб-страница на Универзитетот (www.ugd.edu.mk) на 5.10.2012 година, потребна е следнава документација:

– Пријава;
– Диплома за завршено соодветно образование, одбранет магистерски/докторски труд (еден примерок од дипломата оригинал и три копии заверени кај нотар);
– Кратка биографија (во четири примероци);
– Потврда дека се служи со еден од светските јазици;
– Список на објавени научни и стручни трудови (по еден примерок од трудовите во оригинал - доколку такви има);
– Уверение за државјанство;
– Изјава-образец 1 од Комисијата за верификација на факти и копија од изјавата со потврда за прием од Комисијата.

По разгледувањето на поднесената документација, Рецензентската комисија на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На распишаниот Конкурс за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област економски развој на Економски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" и на официјалната веб-страница на УГД се пријавија следниве кандидати: д-р Јасминка Варналиева – дипломиран економист, Елизабета Велковска, дипломиран економист, д-р Мимоза Серафимова, д-р Весна Георгиева – дипломиран економист.

Комисијата ги разгледа доставените документи од кандидатите и истите ги доставија следниве документи. Од приложената документација на пријавените кандидати, според Конкурсот, може да се види следниов преглед:

***Биографски податоци и научноистражувачка дејност на сите пријавени кандидати***

**1. Д-р Јасминка Варналива ги достави следниве документи:**

- Пријава;
- Диплома за одбранет докторски труд (една копија заверени кај нотар);
- Уверение за одбранет докторски труд (три копиии заверени кај нотар);
- Уверение за одбранет магистерски труд (четири копиии фотокопирани незаверени кај нотар);
- Кратка биографија (во четири примероци);
- Потврда за англиски и шпански јазик;
- Список на публикации и истражувања (без приложни примероци);
- Сертификат за МСА, Certified Management Consultant издаден од ICMCI (International Council of Management Consulting Institutes)
- Сертификат за PMP, Project Management Professional издаден од PMI Project Management Institute.

***Биографски податоци***

Од биографските податоци за Јасминка Варналиева може да се прочита дека по завршувањето на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во јули 1983 година, на отсекот Економска политика и развој, го продолжува своето бразование и во јуни 2000 година го одбранува својот магистерски труд под наслов: Проблеми на постприватизацијата, преструктуирање на приватизираните претпријатија во Македонија.

Во декември 2011 година на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје ја одбранува својата докторска дисертација под наслов „Конкурентноста на македонската економија низ призмата на иновации и апсорпција на знаење и технологија“.

Во моментот м-р Јасминка Варналиева е ангажирана како независен консултант во областа на конкуренција, иновации, менаџмент, развој на приватен и финансиски сектор и сл.

До крајот на јуни 2012 година Јасминка Варналиева е ангажирана на позицијата директор на Проектот за конкурентност имплементиран од американската корпорација Carana Corporation и финансиран од Американката агенција за меѓународен развој USAID.

Во приодот од 1998 до 2008 година Јасминка Варналиева е ангажирана во Канцеларијата на Светската банка во Македонија, како специјалист за развој на приватен и финансиски сектор.

Од 1996 до 1998 година Јасминка Варналиева работи како менаџмент консултант во американската компанија Crimson Capital.

Својата кариера Јасминка ја започнала во 1984 година во областа на надворешно-трговско работење на Макотекст експорт-импорт, а во 1989 година во Yucan Trade International, на менаџерска позиција.

***Наставно - образовна и научноистражувачка дејност***

Од приложените биографски податоци може да се забележи дека кандидатката д-р Јасминка Варналиева не е вклучена во наставно - образовна дејност, а како активност во научноистражувачка дејност достави само список на публикации и истражувања без притоа да се достават и оригинал од објавените научни и стручни трудови и тоа:

- Докторска дисертација насловена: Конкурентноста на македонската економија низ призмата на иновации и апсорпција на знаење и технологија, 2011 година на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.
- Магистерски труд „Проблеми на постприватизацијата, преструктуирање на приватизираните претпријатија во Македонија“, 2000, Економски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје;
- FESAL 2, Implementation Completion Report, World Bank 2003;
- PSD 2, Implementation Completion Report, World Bank 2003;

- Poland IDF Grant on Accounting and Auditing Reform, Implementation Completion Memorandum, World Bank 2008;
- Slovakia IDF Grant on Bankruptcy Reform, Implemntation Comletion Memorandum World Bank 2004;
- Capcity Building in Public Accounting in Albania, Croatia and Slovenia, Implementation Completion Memorandum, World Bank 2006;
- Slovakia IDF Grant on Accounting and Auditing, Implemntation Comletion Memorandum World Bank 2007;
- и учествуво во публикации подготвени од тим.

Кандидатката д-р Јасминка Варналиева нема доставено никаков доказ за научноистражувачката дејност и според тоа не ги исполнува формалните услови наведени во Конкурсот за избор за наведеното звање.

2. Кандидатката дипл.екон. Елизабета Велковска нема диплома за доктор на науки и според тоа не ги исполнува формалните услови наведени во Конкурсот за избор за наведеното звање.

**3. Д-р Мимоза Серафимова ги достави следниве документи:**

- Пријава;
- Кратка биографија (во еден примерок).

Кандидатката д-р Мимоза Серафимова освен пријавата и кратката биографија не доставила никаков доказ за степенот на своето образование, ниту доказ за научноистражувачката дејност и според тоа не ги испонува формалните услови наведени во Конкурсот за избор за наведеното звање.

**4. Д-р Весна Георгиева ги достави следниве документи:**

- Пријава;
- Диплома за завршено соодветно образование, одбранет магистерски/докторски труд (еден примерок од дипломата оригинал и три копии заверени кај нотар);
- Кратка биографија (во четири примероци);
- Уверение за положени испити;
- Потврда дека се служи со еден од светските јазици;
- Список на објавени научни и стручни трудови (по еден примерок од трудовите во оригинал - доколку такви има);
- Уверение за државјанство;
- Изјава - образец 1 од Комисијата за верификација на факти и копија од изјавата со потврда за прием од Комисијата.

***Биографски податоци***

**Д-р Весна Георгиева** е родена на 1 август 1981 година во Тетово. Основно образование завршува во 1996 година, во ОУ „Гоце Делчев" во Тетово.

Средно образование завршува во 2000 година, во економското училиште ДСЕУ „8-ми Септември" во Тетово, каде што е прогласена за првенец на генерацијата. Во учебната 2000/2001 година се запишува на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, каде што дипломира во 2005 година на департманот Сметководство и ревизија.

Во учебната 2005/2006 година се запишува на постдипломските студии при истиот Универзитет, на отсекот Монетарна економија. Магистрираше во 2008 година на темата „Хармонизација на банкарската регулација во Р.Македонија со регулативниот систем на Европската унија", под менторство на проф. д-р Михаил Петковски.

Во февруари 2011 година успешно ја одбрани докторската дисертација на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје на тема „Либерализација на капиталната сметка и финансиската стабилност", под менторство на проф. д-р Михаил Петковски, при што се стекна со научен степен доктор на економски науки.

Кандидатката д-р Весна Георгиева својата работна кариера ја започнува уште за време на студиите. Имено, во периодот од 2003 до 2008 година работи во сопствено студио за убавина, каде што ја организира и менаџира работата, врши обука на вработените за начинот на работа и однесување со клиентите и ги води сметководствените и финансиските работи.

Во учебната 2006/2007 година, кандидатката д-р Весна Георгиева одржува предавања и вежби како асистент на Економскиот факултет при Државниот универзитет во Тетово, врз основа на што Комисијата цени дека кандидатката има искуство како предавач.

Во периодот од 2008 до 2011 година продолжува со работа во фамилијарен бизнис, во фирмата за ентериери ДООЕЛ „Порта ентериери", каде што исто така ги води сметководствените и финансиските работи. За време на работењето во фирмата д-р Весна Георгиева направи елаборат и го изготви развојниот план за зголемување на продуктивноста на фирмата. Врз основа на направените анализи, кандидатката дојде до следниот заклучок: за да се зголеми производството во прво време се пристапи на зголемување на бројот на вработени. Но, оваа мерка се покажа како времено решение и имаше лимитиран пораст на обемот на производство. Поради зголемената побарувачка на пазарот се јави потреба за дополнителна интервенција и се донесе одлука за менување на дел од производната технологија, со набавка на посовремени машини, што пак резултираше со зголемено производство, и намалување на работната сила. Кандидатката зеде учество во изготвување на елаборат, во испитување на пазарот и изготвување на целиот развоен план, што придонесе оваа фирма да стане познато име на македонскиот пазар.

Во периодот од мај до ноември 2011 година, д-р Весна Георгиева волонтираше во Центарот за стратегиски истражувања при Македонската академија на науките и уметностите, со цел да има пристап до современа литература, контакт со академиците од областа и да ги продолжи своите истражувања во материјата во којашто се специјализираше.

Од февруари 2012 година до денес, работи во Секторот за комерцијално банкарство во ТТК Банка АД Скопје, како соработник за клиенти-население.

Во својата работна кариера, д-р Весна Георгиева учествува во бројни научни семинари, собири, меѓународни проекти од областа на финансиите, банкарството и економскиот развој. Како проекти со организациско-развојна дејност би ги издвоиле следниве:

1. Проект на BIOEN HOLDING - Проект за изградба на биогасни централи. Овој проект се состои од изградба на когенеративни гасни централи, т.е. станува збор за енергетско-еколошки проект, во кој од животински измет и микс од зелена маса и класичен отпад, со термичка обработка и ферментација, се добива природен гас, кој потоа се фертилизира и филтрира, при што се добива метан, кој се складира во посебни цистерни. Истиот гас потоа се согорува во мотори за внатрешно согорување и се добива електрична и топлотна енергија.

Учеството на кандидатката во овој проект е во делот на пресметка на економската оправданост на проектот, пресметка на чинење на производот kw/h, како и проекција на потребниот временски период за враќање на инвестицијата. Економската оправданост се должи на законската определена цена на чинење на енергијата, согласно со Одлуката на Регулаторната комисија на РМ. Имајќи го ова предвид, Комисијата цени дека кандидатката учествува во меѓународен проект, кој има организациско-развојна дејност.

2. Проект на BARBERO GROUP - Агроиндустриски комплеск BARBERO GROUP-Италија, проект за производство и дистрибуција на храна. Имено, со одлука на менаџерскиот тим на Barbero Group од Италија, се пристапи со изработка на проект за изградба на агро-индустриски капацитети со дистрибутивни центри во балканските земји, меѓу кои и во Македонија, лоцирани во индустриската зона Петровец. Проектот беше претставен во три дел, и тоа:

- Agro-Kapacitet - На површина од 118 ha сеење на повеќегодишни дрва и нивна преработка во полупроизводи, наменети за индустриско производство во производните капацитети на Barbero.
- Barbero Bakery - Две производни линии за производство на храна, солена и слатка линија, со над 40 различни производи.
- Дистрибутивен центар за потребите на локалниот пазар, но и на околните пазари.

Учеството на кандидатката д-р Весна Георгиева е во делот на истражување на локалниот пазар и на регионалните пазари, на капацитетот на локалните полупроизводи потребни во производството и изработка на проекција за движењето на понудата и на побарувачката на сродните локални и увозни производи. Од овој аспект, цениме дека кандидатката учествува во меѓународен проект, кој има организациско-развојна дејност.

3. Истражување на финансиските политики и инструменти за справување со кризи во земјите од Европската унија - финансиран од COMMUNITY DEVELOPMENT INSTITUTE - Институтот за развој на заедницата- -Macedonia.

Во овој истражувачки проект, кој беше организиран од страна на Community Development Institute, во периодот од 2007 до 2012 година, кандидатката зеде учество во анализа на политиките и инструментите, кои земјите од ЕУ, но и земјите-кандидати за членство во Унијата треба да ги применат за да се справат со последиците од глобалната финансиска криза. Всушнсот, дел од оваа материја беше предмет на истражување и на нејзината докторска дисертација.

Како поважни заклучоци кои произлегоа од ова испитување се следниве: потреба од водење на солидна макроекономска политика-одржлив фискален дефицит и низок однос на долг/БДП, изградба на соодветно ниво на девизни резерви, примена на стратегијата на таргетирање на инфлацијата и флексибилен девизен курс. Исто така, потребно е да се зголеми мониторингот на капиталните приливи, да се зголеми мониторингот на надворешните позајмувања на јавниот и на приватниот сектор, да се развие подлабок пазар на капитал кој ќе помогне во привлекување на долгорочни инвестиции, а не само на краткорочни портфолио инвестиции, но и канализирање на странските инвестиции во најпродуктивни сектори во економијата. Постоењето на баланс меѓу монетарната и фискалната политика, исто така е од значење за управување со капиталните текови. Нефлексибилната фискална политика не може да биде ефективна алатка за управување со флуктуациите на капиталните движења. Под вакви околности, повремено може да бидат оправдани и капитални контроли, како што се: барања за повисоко ниво на резерви за депозитите деноминирани во странски валути или такси на капиталните приливи.

Земајќи ја предвид сè поголемата економска глобализација и финансиска интеграција и зачестениот број на финансиски кризи, цениме дека станува збор за многу значајно истражување, т.е. научен проект во кој кандидатката учествува.

„Community Development Institute“ е невладина и непрофитна организација, која работи на програми за зајакнување на демократијата и цивилното општество, на мерките на доверба и подобрување на стандардот на населението, учество и истражување во разни програмски активности, има 15-годишно искуство и е член на бројни организации: UNESCO, UNDP Development Agency of the Unated Nations, Европската мрежа за основни работни вештини со седиште во Норвешка, European Civil Forum, Association of Local Democratic Agencies (ALDA), UNITED Against Racism и други.

Како дел од овој Институт, д-р Весна Георгиева одржа и пленарни предавања на научни собири, меѓу кои ги издвојуваме:

1. Учество и пленарно предавање на научниот собир во Економскиот институт во Белград на тема „*Движењето на странските директни инвестиции во економиите во транзиција по последната глобална економска криза*“, одржано во април 2011 година. На овој собир говореше за движењето на капитални текови во форма на СДИ за време и по последната глобална финансиска криза. Притоа таа истакна дека глобалната криза предизвика колапс на глобалните текови на странски инвестиции. Имено, доколку се направи компарација со минатите епизоди на финансиски кризи, може да се забележи дека последната глобална криза остави многу посериозни последици врз овој вид инвестиции. Тие значајно опаднаа и реагираа многу побрзо на кризата за разлика од другите форми на капитални текови. Оттука заклучи дека тие не се толку стабилни и можат да покажат волатилност, како и сите други типови на капитални текови, доколку глобалната економија се соочува со финансиски нестабилности.

2. Учество и пленарно предавање на научниот собир во Економскиот институт во Белград на тема „*Банкарските системи во земјите на Југоисточна Европа за време и по глобалната финансиска криза*", одржано во јуни 2011 година.

Како најголем проблем со кој се соочија банкарските системи на земјите од овој регион, кандидатката го истакна големиот процент на кредити деноминирани во странска валута. Позајмувањето во странска валута беше поттикнато од пониските каматни стапки во еврозоната, споредено со домашните каматни стапки. Покрај тоа, некои од земјите во овој регион имаа висок странски долг деноминиран во евра, што ја правеше депрецијацијата на валутите особено болна. Кредитниот ризик беше уште позасилен поради фактот што процентот на странски банки во овие земји е многу голем, додека нивните централи на Запад во услови на финансиски тешкотии го рестриктираат финансирањето на филијалите во ЈИЕ. На крајот д-р Весна Георгиева истакна дека забрзувањето на процесот на пристапување кон еврозоната е во интерес на овие земји, бидејќи со неотповикливо фиксирање на домашната валута во однос на еврото, нивниот јавен долг нема повеќе да зависи од флуктуациите на националните валути.

Во периодот декември 2011 и јануари 2012 година, кандидатката д-р Весна Георгиева, со цел подобрување на знаењето, искуството и експертизата на Институтот за развој-Community Development Institute, оствари студиски престој во Економскиот институт во Загреб. На овој Институт, кандидатката имаше можност да се запознае со наставните програми и користената литература, како и научните и стручните трудови издадени од професорите на тој Институт.

***II. Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Кандидатката д-р Весна Георгиева за време на својот ангажман во Македонската академија на науки и уметности учествуваше и во бројни семинари и конференции, од кои како позначајни би ги издвоиле:

1. Член на Организациониот комитет на научниот собир „6th Balkan Communication Network, Annual Conference "Energy, Security and Human Development"- организиран од МАНУ и од Турската академија на науки TASAM, септември 2011 година.
2. Член на Организациониот комитет научниот собир „Економска политика, економски систем и развој", посветено на академик Никола Узунов, МАНУ, март 2011 година.
3. Член на Организациониот комитет на тркалезна маса по повод 100 години од раѓањето на академик Кирил Миловски на тема „Актуелни проблеми на регионалниот развој и на пазарот на труд", МАНУ, октомври 2012.

Д-р Весна Георгиева е учесник и во научноистражувачки проекти, во земјава и во странство, меѓу кои би ги издвоиле:

1. Проект на Владата на РМ за изготвување на Граѓански законик на РМ, започнат во 2011 година.

Кандидатката зеде учество како член на Организациониот одбор на овој научен проект, но и учесник во економската работна група за кодификација на граѓанскиот законик на РМ.

2. Проект Due Diligence, спроведен од страна на GBF CONSULTING-локација Радо банка. Овој проект беше порачан од страна на DZI групацијата, со цел преземање на сопственичкиот капитал на Банката. За оваа цел беше изработен план кој опфаќаше внатрешна проверка во три сегменти:финансиски, правен и книговодствен дел. По завршување на целокупниот Due diligence се дојде до констатација за големи нерегуларности во работењето на Банката, како и голем дел на лоши пласмани, за кои корисници беа фирмите на доминантните сопственици.

Кандидатката во овој проект зеде учество во работата на финансискиот дел на Due diligence.

EUROBUL HOLDING - Кандидатката учествуваше и во проекти на Eurobul холдингот, Софија кои се финансирани од страна на Европската унија. Како позначајни би ги издвоиле:

Проект на EUROBUL HOLDING-Development of projects and project management: Development and management of projects for the operational programs from the European Regional Development Fund.

Проект на EUROBUL HOLDING: Development of projects and project management Development and management of projects for the operational programs from the Cohesion Fund.

3. Проект финансиран од Народната Банка на Република Македонија, Скопје 2008. „Мерење на рамнотежниот реален девизен курс во Република Македонија". Проектот се состои во анализа на повеќе аспекти на реалниот девизен курс во нашата земја, а негов централен дел е емпириска анализа во поглед на тоа дали тој е потценет, прецене или рамнотежен т.е. одржлив. Задачата на кандидатката се состоеше од собирање на статистички податоци и литература за учесниците во проектот.

Д-р Весна Георгиева е автор на повеќе научноистражувачки трудови, како во земјава, така и во странство, од кои Комисијата како поважни ги издвојува следниве:

*" The impact of capital controls on maintaining macroeconomic and financial stability in emerging market economies"* објавено на сајтот TASAM- Turkish Asian Center for Strategic Studies, www.tasam.org, во коавторство со проф. д-р Михаил Петковски.

"*The Macroeconomic Effects of Remittances in Southeast Europe*" објавено на сајтот IFIMES International Institute for Middle East and Balkan Studies www.ifimes.org, во коавторство со проф. д-р Михаил Петковски и м-р Јасминка Додевска, 2012 година.

„*Рани и доцни дебати за улогата и ефикасноста на фискалната политика во стабилизација на економиите*", објавено во Прилози на МАНУ, во коавторство со академик Таки Фити, 2011 година.

"*The behaviour of various types of international capital flows before and during the global financial crisis"* - European University of Tirana, (рецензиран труд во печат).

"*Capital liberalization matters and dillemas-special reference to the Republic of Macedonia",* Economic Development (рецензиран труд во печат).

„*Предностите на електронското банкарство и можностите за негова имплементација*", економско списание „Економија и бизнис", Скопје.

*„Сегашна структура и перформанси на банкарскиот систем во Р.Македонија",* економско списание „Економија и бизнис", Скопје.

*„Значењето на Стандардот Базел 2 во заштита на банкарскиот систем од ризици"*, економско списание „Економија и бизнис", Скопје.

*„Рецесија-дефиниција, мерки и прогноза",* економско списание „Економија и бизнис", Скопје.

„*Хармонизација на банкарската регулација во Р.Македонија со регулативниот систем во Европската унија"*, магистерска теза, Економски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје, 2008 година.

1. „*Либерализација на капиталната сметка и финансиската стабилност*", докторска дисертација, Економски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје, 2011 година.

Д-р Весна Георгиева е автор на научна книга-монографија, рецензирана, печатена во Македонска ризница, Куманово, 2012 година, под наслов:

2. „*Финансиска либерализација и финансиска стабилност*", печатена во Македонска ризница, Куманово, 2012 година

Своето активно учество во научноистражувачката дејност д-р Весна Георгиева го потврдува и со бројни научнопопуларни статии во економски весници, од кои би ги издвоиле следниве:

3. „*Како источноевропските валути ќе реагираат на кризата-странските пари ја уриваат економијата*", економски весник Бизнис, Скопје.
4. „*Економски инвестициски процеси, криза и надежи - бурата се движи кон исток*", економски весник Бизнис, Скопје.
5. „*И Источна Европа чувствителна на криза - најранливи новите членки на ЕУ* ", економски весник Бизнис, Скопје.
6. „*Добрите страни на неразвиеноста*", економски весник Бизнис, Скопје.
7. *„Македонија ќе се соочи со трилемата во економската политика",* економски весник Бизнис, Скопје.

8. „*Големиот прилив на капитал контра фиксниот девизен курс”*, економски весник Бизнис, Скопје.
9. „*Високата инфлација-детска болест на транзицијата”* економски весник Бизнис, Скопје.
10. „*Флексибилниот девизен курс 'чадор' за надворешните шокови”*, економски весник Бизнис, Скопје.
11. „*Во Македонија не е проблем инфлацијата туку нискиот економски раст”*, економски весник Бизнис, Скопје.
12. „*Променета улога на странските директни инвестиции по последната глобална финансиска криза*”, економски весник Капитал, Скопје.

**Евалуација на трудот со реден број 1:** *”The impact of capital controls on maintaining macroeconomic and financial stability in emerging market economies”*објавено на сајтот на TACAM-TASAM - Turkish Asian Center for Strategic Studies, www.tasam.org.

Во овој труд се анализира поврзаноста меѓу капиталните движења и финансиските кризи. Имено, со либерализацијата на капиталните движења тековите на капитал стануваат сѐ повеќе непредвидливи и сѐ потешко можат да се контролираат, па затоа либерализацијата честопати е проследена со тешки финансиски кризи. Во трудот особено се истакнува фактот дека и покрај тоа што либерализацијата носи напредок, таа предизвикува проблеми и сериозни нарушувања на финансиската стабилност.

Во овој труд се анализираат начините со кои може да се редуцира негативното влијание кое капиталната либерализација може да го има врз финансиската стабилност. Притоа особено се истакнува влијанието на контролите на капитално-финансиските трансакции во одржувањето на макроекономската и финансиската стабилност во економиите во подем. Иако контроверзни, пред глобалната криза од 2007 година, капиталните контроли по нејзиното избивање повторно ја добија својата легитимност во академските кругови. Поради тоа, во овој труд се истакнува дека капиталните контроли претставуваат корисна алатка за стабилизација на нестабилните краткорочни текови на капитал, за зголемување на независноста на монетарната политика, можност за промена на композицијата на капиталните текови во корист на СДИ, и привремено намалување на притисокот врз девизниот курс. Поради тоа, за време на последната глобална финансиска криза, дури и ММФ, под определени услови го прифати воведувањето на капиталните контроли, што, на некој начин претставуваше нова ера во финансиите. Голем број економии во подем (Бразил, Кина, Аргентина, Тајван, Тајланд, Јужна Кореја, Перу, Индонезија и други), воведоа различни форми на капитални контроли, за да ги лимитираат прекумерните капитални приливи и да го намалат притисокот врз националните валути.

На крајот од трудот се истакнува дека значењето на капиталните контроли не треба да се преувеличува. Иако тие се корисна алатка за промовирање на финансиската стабилност, контролите на капиталните текови не можат да бидат субститут за создавање на солидна макроекономска политика и силни институционални фундаменти.

**Евалуација на трудот со реден број 2:** “*The Macroeconomic Effects of Remittances in Southeast Europe*” објавено на сајтот на IFIMES International Institute for Middle East and Balkan Studies www.ifimes.org

Во овој труд се прави анализа на макроекономските ефекти од девизните дознаки во земјите од Југоисточна Европа. Притоа се истакнува дека тие претставуваат значаен извор на надворешно финансирање во многу земји во развој од овој регион. Така на пример, во некои земји, како: Србија, Босна и Херцеговина, но и Македонија, за време на последната глобална економска криза беа многу постабилни извори на надворешно финансирање, за разлика од странските директни инвестиции и портфолио инвестициите.

Во вториот дел од трудот се прави анализа на нивното движење за време на глобалната криза, при што се доаѓа до залучок дека тие се многу постабилни за разлика од другите капитални текови и ги апсорбираат финансиските шокови. Тие ја стабилизираат приватната потрошувачка, помагаат за финансирање на трговскиот дефицит и ја намалуваат сиромаштијата. Анализите кои се правени во овој труд покажуваат дека

познатиот макроекономски ризик кој произлегува од девизните дознаки, а кој пред сè се однесува на апрецијација на девизниот курс, емпириски не се потврди во најголем дел од земјите на Југоисточна Европа.

Третиот дел од трудот е посветен на влијанието кое дознаките го имаат на македонската економија. Девизните дознаки во нашата земја за време на последната глобална финансиска криза покажаа високо ниво на стабилност. На крајот од трудот се истакнува дека тие претставуваат еден вид на „стабилизационен фонд" за македонската економија и заслужуваат многу поголемо внимание, како од страна на носителите на економската политика, така и во академските кругови.

**Евалуација на трудот со реден број 3:** „*Рани и доцни дебати за улогата и ефикасноста на фискалната политика во стабилизација на економиите*", објавено во Прилози на МАНУ

Во овој труд во генерализирана форма се прикажуваат гледиштата на макроекономската наука за релативното значење на фискалната и на монетарната политика во стабилизација на економиите. Притоа се анализираат следниве прашања: кои се предностите на фискалната пред монетарната политика во стабилизација на економијата, кои се предностите на монетарната пред фискалната политика во стабилизација на економијата, дали и колку политиките се ефикасни во услови на пролонгирани и остри рецесии, дали монетарната политика треба да испорачува многу ниски стапки на инфлација, дали е пожелна политика на нулта стапка на инфлација, дали треба да се води дискрециона фискална политика или фискална политика базирана врз долгорочни правила или пак едноставно доволно ќе биде да се пушти фискалната политика да дејствува контрациклично преку автоматските стабилизатори. По однос на овие прашања се истакнуваат и различните ставови, но и конфронтации меѓу доминантните макроекономски школи во различни периоди: периодот 1940-1950 година меѓу кејнзијанците и класичарите, периодот 1960-1970 помеѓу умерените кејнзијанци и монетаристи и перидот по 1990 година, помеѓу новите кејнзијанци и класичари.

Посебен осврт во трудот е даден на улогата на фискалната политика за време на последната глобална финансиска криза. Имено, кризата го наруши балансот на силите помеѓу конкурентните школи во рамките на главната струја на модерната макроекономија. Кејнзијанизмот повторно е во мода. Кризата покажа дека во услови на пролонгирани рецесии фискалната политика има многу поголемо значење отколку што се претпоставуваше во последниве 20 години. Притоа се препорачува во „добри времиња" јавниот долг да се одржува во нормални рамки за да се создаде доволно простор на фискалната политика да дејствува во услови на кризни нарушувања. Како наредна поука која се извлекува во трудот е да се зголеми ефикасноста на автоматските стабилизатори на фискалната политика, преку нагласување на прогресивниот карактер на даночната политика и преку воспоставување на подарежливи програми на социјално осигурување. На крајот од трудот се потенцира дека добрата координација меѓу монетарната и фискалната политика е мошне значајна за справување со епизодите на ненадејни запирања (sudden stops) на priливите на капитал во време на финансиски кризи.

**Евалуација на трудот со реден број 4:** "*The behaviour of various types of international capital flows before and during the global financial crisis"* - European University of Tirana

Во овој труд се анализира однесувањето на различните видови капитални текови пред и за време на глобалната финансиска криза. Трудот се состои од четири дела. Во првиот дел е даден преглед на однесувањето на различните форми на меѓународно движење на капитал за време на последната финансиска криза. Вториот дел е фокусиран на регионалната дистрибуција на капиталните приливи во економиите во подем. Третиот дел се занимава со прашањето на променетото однесување на странските директни инвестиции, забележано за време на глобалната криза. Четвртиот дел ги дискутира можните начини и политики за ублажување на последиците од прекумерната волатилност на меѓународните текови на капитал врз економиите во подем.

Како најзначајната карактеристика на последната глобална финансиска криза која се истакнува во трудот е однесувањето на меѓународните приватни капитални текови, особено во економиите во подем. Имено, во годините пред кризата, т.е. по 2003 година, економиите во подем се соочија со големи бранови на капитални приливи. Сепак, со започнувањето на кризата, особено по колапсот на Lehman Brothers, финансиските институции од развиените земји погодени од кризата, започнаа масовно да го извлекуваат капиталот од нивните филијали лоцирани во економиите во подем, што предизвика негативно влијание врз девизните резерви, врз националните валути, па дури и ликвидносна криза во овие економии.

Покрај тоа, во трудот е направена анализа на променетата улога на странските директни инвестиции по последната глобална финансиска криза. И покрај тоа што искуствата од различни епизоди на финансиски и економски кризи потврдуваат дека СДИ во однос на портфолио инвестициите се многу постабилна форма на меѓународно движење на капитал, последната криза потврди дека и овие инвестиции може да манифестираат значајна променливост и нестабилност-сознание што се чини коинцидира за остринатa на кризата. Станува збор за нов феномен што не треба да се потценува, т.е. за појава која креаторите на економските политики секогаш треба да ја имаат предвид.

**Евалуација на трудот со реден број 5**"*Capital liberalization matters and dillemas-special reference to the Republic of Macedonia"* Economic Development, Економски Институт Скопје

Во овој труд се анализираат ефектите од либерализацијата на капиталните текови врз економската стабилност на земјите кои ја спроведуваат. Како позитивни ефекти од капиталната либерализација се издвојуваат следниве: зголемување на економскиот развој во земјите во развој, побрз развој на финансиските системи, диверзификација на ризикот, зголемена флексибилност и респонзивност на финансиските системи и на економиите на различни шокови. Од друга страна се прави анализа како слободните капитални текови предизвикаа ненадејни запирања и пресврти на капиталните сметки, што резултираше со финансиски кризи во некои економии.

Во трудот особено се истакнува фактот дека слободните текови на капитал можат да бидат спротивни на мерките на домашната економска политика и можат да предизвикаат бројни дистрорзии и да генерираат бројни ризици. Поради тоа, се укажува на повнимателно третирање на оваа проблематика и на потребата од градуално спроведување на капиталната либерализација во земјите во развој. Покрај тоа, либерализацијата треба да се контролира и да биде проследена со добра регулација.

Во оваа статија се разгледува и степенот на економска глобализација на Р.Македонија. При тоа, се истакнува дека постепената и контролирана либерализација на краткорочниот капитал, од помалку кон повеќе ризични капитални текови е во согласнот со тековната политика на фиксен режим на девизниот курс, имајќи предвид дека краткорочните финансиски средства потенцијално претставуваат опасност за одржување на режимот. Сепак, процесот на капитална либерализација и перспективно се поголема финансиска интеграција, го доведува во прашање одржувањето на фиксниот режим на девизниот курс на долг рок. Но, доколку на девизниот курс се одлучи да му се одземе улогата на номинално сидро, тогаш е потребно да се дефинира ново сидро. При тоа, во трудот се препорачува дека во услови на глобална ориентација кон стабилни цени, таква улога би можела да преземе инфлацијата, што преставува јасна ориентираност на централната банка кон одржување на ценовна стабилност.

**Евалуација на трудот со реден број 6:** „*Предностите на електронското банкарство и можноста за негова имплементација*", економско списание Економија и бизнис

Во оваа статија кандидатката пишува за информационата технологија, т.е. за воведувањето на електронеското банкарство и информатиката во банкарските системи, што е од големо значење за подобрување на перформансите во банкарското работење. Треба да се има предвид дека оваа појава е во директна врска со степенот на развиеност на земјата во која се применува. Во трудот кандидатката прави историска анализа на развојот

на овој вид банкарство, при што наведува дека главна причина за неговата појава е енормно големиот број финансиски трансакции, а нивното извршување на традиционален начин може да ја загрози стабилноста на целиот банкарски систем. Исто така, кандидатката ја наведува предноста од појавата на е-парите, кои за разлика од хартиените пари полесно се контролираат и со нив може да се избегне евазијата на данокот. Особено се истакнува заинтересираноста на Европската комисија за развојот на електронските плаќања, со што би се создал единствен европски пазар и би се отстраниле проблемите на прекуграничниот промет.

Во трудот се потенцира дека се потребни повеќе години за да се променат навиките и времето од појавување на технологијата, па сѐ до нејзино целосно усвојување, па поради тоа е-парите целосно не можат да се прифатат како средство за одвивање на сите купопродажни трансакции и традиционалното банкарство сѐ уште целосно не може да исчезне.

На крајот се дава посебен осврт на примената на електронското банкарство во Р.Македонија, што е од големо значење за подобрување на перформансите на нашиот банкарски систем и побрза интеграција во еросистемот.

**Евалуација на трудот со реден број 7:** *„Сегашната структура и перформанси на банкарскиот систем во Р.Македонија"*, економско списание Економија и бизнис, Скопје

Во оваа статија, која е излезена од печат во 2008 година, кандидатката ја анализира тогашната поставеност, структура и перформанси на македонскиот финансиски и банкарски систем. Најпрво истакнува дека финансискиот систем има големо значење за економскиот развој во земјите. Ова се однесува на можноста за најдобра трансформација на заштедите во продуктивни инвестиции, што претставува мотор за економски развој. Најголемо значење во финансискиот систем имаат банките, кои вршат трансформирање на депозитите во финансиски средства, т.е. ги канализираат средствата од ентитетите кои имаат вишок на финансиски средства кон оние кои имаат недостаток на истите.

Кандидатката прави анализа на развојот на македонскиот банкарски систем во процесот на транзиција кон пазарна економија. Исто така, прави и компарација на карактеристиките на нашиот банкарски систем со одредена група на земји-економии во подем, но и земји-членки на ЕУ и еврозоната. За таа цел прави анализа на различни показатели: процентот на концентрација на банките, процентуалното учество на кредити во БДП, коефициентот на адекватност на капиталот, процентот на лоши заеми, стапката на поврат на капиталот, односот на нето приходите и вкупниот акционерски капитал. Врз основа на овие показатели доаѓа до заклучок дека иако перформансите на македонскиот банкарски систем заостануваат зад понапредните транзициони економии, сепак покажуваат тренд на подобрување.

На крајот од трудот истакнува дека во услови на глобална криза, која во периодот на пишување на трудот беше во полн ек, нашиот банкарски систем остана стабилен. Ова се однесуваше, пред сѐ, на солидната депозитна база со којашто располагаа нашите банки, бидејќи најголем дел од кредитите кај нас се покриени со депозити. Развиените земји пак, најголем дел од кредитите ги обезбедуваат на пазарот на пари, поради што се најдоа во ситуација да имаат помалку капитал спрема актива, па државата мораше да интервенира со инјектирање на капитал.

**Евалуација на трудот со реден број 8:** *„Значењето на Стандардот Базел 2 во заштита на банкарскиот систем од ризици"*, економско списание Економија и бизнис, Скопје

Во овој труд д-р Весна Георгиева пишува за интернационалниот Стандард Базел 2, воведен во јуни 2004 година, кој може да помогне во заштита на интернационалниот финансиски систем од сите типови на проблеми, кои можат да предизвикаат колапс на големи и значајни банки, но и на серија од банки. Според овој Стандард, банките треба да се раководат кога треба да одлучуваат колку капитал треба да издвојат за да се заштитат од непредвидливи ризици, оперативни и финансиски. Притоа се потенцира дека доколку банката е изложена на повисоко ниво на ризик, тогаш треба да издвои поголема сума на капитал за да ја зачува својата солвентност и економска ефикасност. Понатаму, во трудот

се појаснуваат трите столба на овој Стандард, од кои првиот се однесува на барањето за минимално ниво на капитал кое банките мораат да го почитуваат во своето работење, вториот на супервизија на банките, а третиот на методологијата на финансиските извештаи.

Но, во трудот се истакнуваат и критиките што се упатени на овој Стандард. Имено, големата сума на капитал, која банките треба да ја издвојуваат, ја намалува економичноста во нивното работење и можноста банките да го зголемуваат кредитирањето. Покрај тоа, за да обезбедат поголема сума на ризичен капитал банките често ја зголемуваат цената на своите услуги.

**Евалуација на трудот со реден број 9:** „*Рецесија-дефиниција, мерки и прогноза*", економско списание Економија и бизнис, Скопје

Во овој труд д-р Весна Георгиева го објаснува поимот рецесија, кој во периодот на пишување на трудот беше многу актуелен, често употребуван и во медиумите и во широката јавност. Секојдневно се зборуваше дали во светската економија завладеа рецесија, дали ќе продолжи растот на инфлацијата и каматите, но и падот на цените на акциите на берзите и како во сето тоа ќе помине македонската економија. Најпрво, кандидатката истакнува дека рецесија е намалување на економската активност на некоја земја на помалку од три отсто, а БДП бележи пад два квартала последователно. Таа е проследена со низок степен на искористеност на производните капацитети, пад на реалниот доход и зголемување на незапосленоста. Имајќи ги предвид овие показатели, кандидатката подвлекува дека Еврозоната за првпат од нејзиното формирање западна во рецесија. Во македонската економија кризата не се почувствува во банкарскиот сектор, туку во реалниот сектор, како резултат на намалување на извозот во земјите кои веќе се најдоа во рецесија. На крајот од трудот се истакнува дека од успехот и од брзината на денешните реформи, но и од оние кои се преземени во претходниот период, зависи колку ќе бидеме отпорни на рецесионите трендови во Европа.

**Евалуација на трудот со реден број 10:** „*Хармонизација на банкарската регулација во Р.Македонија со регулативниот систем во Европската унија*", магистерска теза, Економски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје, 2008

Кандидатката д-р Весна Георгиева својот магистерски труд го посветува на хармонизацијата на нашиот банкарски систем со регулативниот систем на Европската унија, т.е. какви критериуми треба да исполни нашиот банкарски сектор со цел да се приближи кон банкарскиот сектор на Унијата. Имено, РМ како земја која се труди да стане дел од ЕУ, меѓу другото прави напори и да изврши хармонизација на својот банкарски систем со банкарскиот систем на Унијата.

За таа цел во трудот најпрво се утврдува тогашната поставеност на банкарскиот систем на РМ и какви промени треба да претрпи со цел да се приближи кон регулативата на Унијата. За ЕУ, банкарската и финансиската интеграција е од особено значење поради тоа што преку нив се гледа степенот на развиеност на економската интеграција. Всушност, предмет на проучување на магистерскиот труд е банкарскиот сектор, како главен носител на економскиот развој во нашата земја. Целта на трудот е процесот на приближување кон ЕУ, кој постојано наметнува потреба за уште поцврсто хармонизирање на нашата банкарска регулатива со регулативата на ЕУ.

Во вториот дел од трудот се анализира степенот на регулација и хармонизација на нашето комерцијално банкарство со банкарскиот систем на ЕУ, како и можностите за подобрување на перформансите на банките, кои пред сè се однесуваат на зголемување на процентот на финансиска интермедијација, намалување на процентот на лоши заеми, како и зголемување на странскиот капитал во банкарскиот сектор.

Во третиот дел се анализира состојбата на нашата Народна банка, како и промените кои треба да се направат со цел легална интеграција во Евросистемот. Од најголемо значење се проценува критериумот за независност (финансиска, институционална, персонална и функционална). За целосна интеграција на НБРМ во Евросистемот, потребно е економската политика да биде компатибилна со барањата на ЕСЦБ. Притоа, сите задачи на нашата централна банка треба да бидат споредени со оние на ЕСЦБ и сите некомпатибилности

треба да бидат отстранети. Во трудот се оценува висок степен на законска усогласеност на Законот на Народна банка на РМ со директивите на Европската унија, особено во делот на ценовната стабилност, независност, забраната за финансирање на државните органи и органите на државната управа.

Последниот дел е посветен на новата базелска капитална спогодба Базел 2. За време на изработката на овој труд, воведувањето на овој Стандард во практиката беше на почетно ниво. Во трудот се потенцираат предностите кои ги носи овој Стандард во сферата на управување со кредитниот ризик. Неговото значење се огледа во заштита на банкарскиот сектор од финансиски и од економски шокови, но и можност за поголема диверзификација на ризикот. Овој Стандард има за цел да ги охрабри банките да ги идентификуваат ризиците со кои може да се соочат во иднина, и да ја подобрат нивната способност за управување со истите. На крајот од овој дел се анализира можноста и предностите од воведувањето на Базел 2 во македонскиот банкарски систем.

**Евалуација на трудот со реден број 11:** *„Либерализација на капиталната сметка и финансиската стабилност"*, докторска дисертација, Економски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје, 2011

Докторската дисертација обработува една од најактуелните теми во современата економска литература, која во последно време добива сѐ поголемо значење, а се однесува на либерализацијата на капиталната сметка и на нејзиното влијание врз финансиската стабилност на земјите коишто ја спроведуваат.

Во трудот се анализираат сите позитивни ефекти кои земјите ги имаат од капиталната либерализација. Имено, овој процес овозможува поефикасна меѓународна алокација на средствата, овозможува на земјите кои имаат ниски стапки на домашно да обезбедат странски извори за финансирање на сопствените продуктивни проекти и да го зголемат економскиот раст, понатаму можност за алокација на ограничените ресурси во најпродуктивни инвестиции, зголемувајќи ги на тој начин економскиот раст и благосостојбата на одделни економии. Либерализацијата, на домашните резиденти им обезбедува зголемен пристап на странските пазари на капитал, т.е. подобро вклучување на земјите во светските текови на штедење и инвестиции, со што се зголемува длабочината и ефикасноста на домашниот финансиски систем.

Но, покрај придобивките кои произлегуваат од ваквиот процес, во дисертацијата се анализираат и ризиците што таа ги предизвикува, одсобено во услови на режим на фиксен девизен курс. Во ваков случај, често доаѓа до создавање на макроекономски нерамнотежи, кои потоа генерираат шпекулативни напади врз домашната валута. Имено, со либерализацијата на капиталните движења, тековите на капитал е многу потешко да се контролираат, па затоа процесот на финансиско отворање често е проследен со проблеми и сериозни нарушувања на финансиската стабилност, па дури и со тешки финансиски кризи.

Во трудот особено се истакнуваат зачестените финансиски кризи во последниве две децении (на пример, кризите во: Мексико, Аргентина, Русија, азиската криза од 1997 година), кои во значителна мера го сменија ставот на академските економисти за финансиската глобализација. Овие кризи, почнувајќи од мексиканската се нарекуваат кризи на капиталната сметка и се карактеризираат со неодржливи дефицити на тековните сметки, финансирани на ризични начини.

Сепак, во трудот главно се нагласува поголемата придобивка од капиталната либерализација од нејзините потенцијални трошоци, но, под услов земјите добро да се подготват за ваквиот процес. Притоа, се препорачува најпрвин да се намали фискалниот дефицит и да се доведе на едно одржливо ниво, потоа да се либерализира надворешната трговија, па да се изврши соодветно регулирање и јакнење на финансиските институции, а дури потоа наполно да се либерализира капиталната сметка. Покрај тоа, за да се одржи финансиската стабилност во земјата, прво треба да се либерализираат долгорочните, а потоа краткорочните капитални трансакции. Всушност, отворањето на финансиско-капиталната сметка треба да биде последна фаза од стабилизациската програма на земјата.

Во трудот се зборува и за за економска трилема т.н. невозможен триаголник, кој се однесува на тоа дека земјите не може во исто време да имаат целосна либерализација на

капиталните движења, да водат независна монетарна политика и да имаат фиксен режим на девизниот курс. Поради тоа, кога земјите обезбедуваат одреден степен на отвореност на капиталната сметка мораат да одлучат меѓу фиксниот режим на девизниот курс и автономната монетарна политика.

На крајот од докторската дисертација се подвлекува дека улогата на капиталните приливи по последната глобална криза ќе доживее значителни промени. Имено, досегашниот модел на економски растеж во транзиционите економии, базиран на увоз на капитал, барем во догледна иднина нема да биде остварлив. Поради тоа, РМ но и земјите од Југоисточна Европа ќе бидат принудени да се потпираат на сопствени средства за финансирање на економскиот развој.

**Евалуација на трудот со реден број 12:** *„Финансиска либерализација и финансиска стабилност*", монографија, научна книга, Македонска ризница, 2012

Научната книга, монографија, што д-р Весна Георгиева ја објави во 2012 година, е посветена на еден нов тренд во светската економија кој секојдневно добива се поголемо значење. Станува збор за глобализација на светската економија, т.е. за нов економски поредок, што е настанат како резултат на процесот на глобализација. Оваа појава нуди бројни придобивки за сите учесници во глобалната економија. Имено, со драстично намалување и укинување на бројните ограничувања во меѓународната трговија се отвори вратата за развој и на послабо развиените земји. Глобализацијата го стимулира економскиот раст, ги зголемува приходите на потрошувачите и помага во создавањето на работни места во сите земји кои учествуваат во глобалниот трговски систем. Финансиската либерализација пак, на инвеститорите им овозможува да извршат диверзификација на своето портфолио, т.е. можност да го дисперзираат ризикот и да остварат највисока стапка на принос, при дадено ниво на ризик, зголемувајќи ги на тој начин благосостојбата и економскиот раст во домашните економии.

Сепак, најновата генерација модели на финансиски кризи покажува дека финансиската либерализација може да биде извор на сите проблеми. Имено, во економиите во подем и во земјите во развој, големите приливи на капитал може да бидат причина за настанување на финансиска криза, особено доколку се работи за краткорочен капитал во странска валута. Во еден период, странските заемодаватели се оптимистички расположени и прекумерно инвестираат во овие земји. Сепак, некој непредвиден настан може да предизвика грижа меѓу странските заемодаватели, што е причина за почеток на финансиска криза.

Во книгата се прави анализа на различни финансиски кризи, при што се доаѓа до заклучок дека финансиската либерализација беше главниот извор за настанување на кризите. Пред азиската криза, меѓу водечките економисти започна да се назира консензус дека земјите во развој треба широко да ја прифатат финансиската либерализација, всушност се до 1997 година овој процес беше најзначајна реформа во агендите на многу земји во развој. Но, по азискиот дебакал 1997/1998, критичарите на финансиската глобализација станаа сè побројни и погласни, укажувајќи дека нејзините придобивки се недокументирани и „недофатливи", а ризиците големи и реални.

Исто така, во книгата особено се истакнува растечкиот тренд на капитални контроли, по последната глобална финансиска криза. Всушност, многу економии, како: Бразил, Кина, Аргентина, Тајван, Тајланд, Јужна Кореја, Перу, Индонезија и други, со цел да го намалат притисокот врз националните валути воведоа различни форми на капитални контроли. Ова претставува враќање на кејнзијанското мислење за тоа како треба да бидат регулирани меѓународните финансиски текови. Но, не треба да се запостави фактот дека со имплементирање на овие контроли степенот на глобализација, кој во периодот меѓу 2002-2007 година особено зеде замав, можеби ќе се намали и/или промени.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

По прегледот на доставената документација, Комисијата цени дека кандидатката Јасминка Варналиева, д-р на економски науки, нема доставено никаков доказ за научноистражувачката дејност и според тоа не ги испонува формалните услови наведени во Конкурсот за избор за наставник во сите звања.

Што се однесува до кандидатката дипл.екон. Елизабета Велковска, нема диплома за доктор на на науки, и според тоа не ги испонува формалните услови наведени во конкурсот за избор за наставник во сите звања.

Кандидатката д-р Мимоза Серафимова освен пријавата и кратката биографија не доставила никакв доказ за степенот на своето образование, ниту доказ за научноистражувачката дејност и според тоа не ги испонува формалните услови наведени во конкурсот за избор за наставник во сите звања.

Имајќи ги предвид наведените констатирани недоследности и недостатоци, Рецензентската комисија смета дека и трите кандидатки, не треба да се земат предвид за избор за наставник во сите звања, согласно со условите наведени во распишаниот конкурс.

Од друга страна, анализирајќи ја целокупната научна, стручно-апликативна активност на кандидатот д-р Весна Георгиева, покажува перманентен процес во научното напредување. Ова се потврдува со објавените научни и стручни трудови, учество на меѓународни и домашни конференции ангажираноста и на учеството на проекти, семинари и конференции. Научноистражувачката работа на кандидатот е контиунуирана и ја потврдуваат неговата ориентација за системски пристап кон непосредната и пошироката област и проблематиката што се однесува на областа за што кандидатот конкурира.

Врз осова на гореизнесеното, Комисијата заклучи дека има чест да рецензира биографија на еден солиден и квалитетен научен работник и иден успешен наставник и со задоволство му предлага на Наставно- научниот совет на Економскиот факултет - Штип, **кандидатката д-р Весна Георгиева да ја избере во звање доцент во наставно-научната област економски развој**.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Михаил Петковски, редовен професор, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Ристе Темјановски, вонреден професор, член, с.р.**
**Проф. д-р Ристо Фотов, вонреден професор, член, с.р.**

**П Р И Л О Г**

**Табела за вреднување на активности на д-р Весна Георгиева, во реизборниот период 2012 година, според критериумите дадени во Правилникот за избор на наставници, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип Универзитетски гласник бр. 23, април 2012 г.**

| Вид на активност | Број | Поени | Вкупно |
|---|---|---|---|
| НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА (НО) ДЕЈНОСТ | | | |
| 1. Предавања | 6 | 1 | 6 |
| 2. Вежби | 12 | 0,5 | 6 |
| 3. Научнопопуларна статија во весник | 10 | 0,5 | 5 |
| 4. Научнопопуларна книга | 1 | 10 | 10 |
| 5. Научно-популарна статија во стручно-методско списание (во земјата) | 6 | 1 | 6 |
| 6. Научно-популарна статија во стручно-методско списание (во странство) | 2 | 2 | 4 |
| *ВКУПНО* | | | 37 |
| НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА (НИ) ДЕЈНОСТ | | | |
| 1. Одбранета докторска теза | 1 | 8 | 8 |
| 2. Одбранета магистерска теза | 1 | 4 | 4 |
| 3. Студиски престој во странство | | 8 | 8 |
| 4. Учесник во научен проект (во земјата) | 1 | 2 | 2 |
| 5. Учесник во научен проект (во странство) | 2 | 3 | 6 |
| 6. Пленарно предавање на научен собир (во странство) | 2 | 6 | 12 |
| 7. Член на организационен или научен одбор на научен собир | 4 | 1 | 4 |
| *ВКУПНО* | | | 44 |
| СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ | | | |
| 10. Учесник во научен проект (во странство) | 2 | 8 | 16 |
| 11. Елаборати и експертизи | 1 | 2 | 2 |
| *ВКУПНО* | | | 18 |
| В К У П Н О | | | 99 |